## Јован БАЛОВ, уметник

**ФОРУМ: Како живееш во Берлин?**

**БАЛОВ**: Во последно време, многу добро. Активно соработувам со галеријата *Фелион*, со обврска да имам по една изложба на секои две години. Минатата изложба помина многу добро и од финансиски аспект, така што вложив во добра компјутерска и фотоопрема. Компјутерот за мене е алат. Со него правам подготовки на материјалот пред сликање. Прво правам конкретни и прецизни бележања на таа витална градска слика. По поранешната груба подготовка на сликата, сфатив дека самата работа на компјутер е исто толку креативна и не е подалеку од процесот на сликање на платно. Еве, сите хералдички симболи на изложбата во Скопје (...) се извадени од Интернет. Бидејќи сите информации по глобалните лексикони содржат конвенционални информации за државите што имаат орли, и таму, на пример, не може да се најдат орлите на Палестина или на Северен Јемен, Црна Гора или на Американска Самоа. Можат да се најдат поголемите и помоќните држави, но не и овие помалите. Затоа на Интернет има сè. Бидејќи ги зголемувам тие симболи, беше важно линиите да бидат прецизни и јасни, за да можам да ги изработам на голем формат.

**Што ти текна да ги работиш *Орлите*?**

● Јас и претходно работев на *Орлите*. Пред две години овде имав изложба со *Орлите* од Берлин. Тие ме интересираа како симболи. Тие презентираат моќ. Берлин е град на орлите. Ако си буден шетач низ градот, тогаш не можеш, а да не ги забележиш. Приказната почна со мојот прв интерес за орлите, кога на моите пријатели почнав да им зборувам за тоа дека тие ме интерсираат. Потоа ми се јавуваа и ми покажуваа каде да одам и да најдам нови орли. Се работи за рељефи, независни споменици, за декорација во архитектурата, и јас во еден мошне кус момент собрав фотографии од 104 орли од Берлин. Се наметна една интересна потреба да се организира тој материјал. Со **Томас Лоренц** паднавме на идеја да направиме книга којашто ќе ги документира тие орли во Берлин, Тој ја презема улогата да побара во архивите, за да ги најде историските аспекти (Берлин низ вековите), а јас требаше да ги соберам материјалите (фотографии) и да ги обработам.



# ЈАС СУМ СРЕЌЕН ВО БЕРЛИН

***Јован Балов, Виктор Николаев, Дејвид Рид и Бернард Хавет се уметници и самите се куратори на изложбата-концепт "Multiple choice" (Многустран избор) во Музејот на современа уметност. Бидејќи Балов за првпат ги поставува "Орлите", ова беше можност да промуабетиме за моќните птици од неговите платна, и за него како веќе етаблиран "Берлинер".***

**Изложбата "Многустран избор" е претсавена како изложба без куратор. Што (ви) значи тоа?**

● Во ова време на кураторски изложби, се наметна потреба да влеземе во проект без куратор, чист авторски проект. Без историчари, без теоретичари и низ долги дискусии го дефинираме името на изложбата и како секој да си го направи својот дел од концептот. За мене ова значеше да не излегувам надвор од својот дотогашен концепт, а да се приспособам на колегите. Тоа беше моментот кога се случи кризата на Косово. Забележав дека повеќето земји кои беа вмешани во таа воена ситуација се земји чиишто национални симболи содржат орли. Америка, Русија, Германија, Албанија, Србија, Црна Гора.

**Но, Велика Британија нема симбол орел...**

● Не е важно, ВБ има лавче, но мене ми беше важно да го препознаам орелот. Не се обидував да го гледам орелот во воена функција, туку во национална функција. Беше интересно да се забележи дека албанскиот, српскиот и црногорскиот орел се двоглави орли. Не ме интересираше длабокото политичко значење или имиџот на нацијата, туку констатацијата којашто произлезе од анализата на линиите и на пластиката. Тоа се трајно стилизирани двоглави орли коишто немаат ништо архаично во нивната пластика. Албанскиот е стилизиран во почетокот на 19 век и многу потсетува на "југендстил орнаментот", а новиот српски е од неодамна, изведен од монархискиот, и има линеарна динамика. Секоја линија на тој орел завршува многу логично, со почеток и крај. Многу е декоративен. Јас ги избришав внатрешните симболи, четирите "с" и лавот од штитот, бидејќи не ми беа битни. Ме интересираше орелот како симбол. Интеревенирав во самите карактери на главите на орлите. Речиси во сите 26 изведени грбови што имаат орли, јас интервенирав во карактерот на главите на орлите, во атмосферата на ликот. Ми беше многу важно да не ја нарушам препозатливоста на симболот, да не го менувам препознавањето "од прва". Ги барав рефлексиите во очите, барав одредена состојба на карактер, истражував амбиент и некаков волумен. Тоа ми беше едно убаво цртачко искуство. Исто така, за мене беше важно градењето дијалог на задднината на сликите и на самите графики, орлите. Многу возбудлив момент за мене беше кога тука, во Музејот, ги распославме овие големи формати, затоа што уште ги немав видено (моето ателје е скромно по димензии), прво на подот, а потоа и

поставени на ѕидот. Си реков: "О, па јас сепак сум направил нешто големо!"

**Што ти се случуваше во меѓувреме, од минатата изложба во Скопје до денес?**

● Не сум автор кој е оптоварен само со симболот орел. Направив серија од 63 слики со ликот на Архангел Габриел од Курбиново. За мене беше дури перверзно - еден толку чист и совршен сликарски лик да се најде на педесетденарка, на пара. За мене, како сликар, црквата во Курбиново одиграла можеби најголемо влијание. Се промени значењето на Архангел Габриел, тој стана премногу "поп", онака ставен на валкани пари кои одат од рака во рака. Сфатив дека денес е мошне опасно и ризично да се работи лик на ангел, како да се направи нешто поинаку. Открив 9 различни машински клишеа, девет видови растер и земав седум различни основи - бои. Сите слики се сликани со рака, не постои "ладна копија", и направив седум различни состојби на карактерот на Габриел. Направени се во формат 30 на 30 сантиметри, формат во кој човечкиот лик се слика еден спрема еден. Можно е да се направи еден концепт и да ги изложам во Скопје.

Потоа, работев на серијата "Јас во Берлин", каде што појдовната точка ми беше црквата Св. Николај во Берлин, во чијашто близина е поставен еден прекрасен бронзен споменик "Свети Ѓорѓи ја убива ламјата". Во таа приказна со три лика (св. Ѓорѓи, ламјата и коњот) има една драматика, кога ламјата со опашката го повлекува коњот, зафат што во себе носи и елементи на љубов, но не и посесивен. А драмтиката е во тоа што св. Ѓорѓи не замавнува со сабјата кон ламата, туку кон главата на коњот. Тоа е една специфична композиција којашто ме натера да размислувам за тоа кој сум јас во Берлин. Така настана и серијата "Јас во Берлин", автопортрети во четири позиции. Си го поставив прашањето дали сум јас Јован-националист, јас-странец или јас-Јован Балов. А повод за оваа серија беше и директниот контакт со неонацистите во подземната железница, кога еден од нив ми се развика в лица: "Du sajze auslender" и "jude" (мислеа дека сум Евреин). Тоа се случи во два часот попладне, во вагон полн со луѓе, кои ги беа свртеле своите глави во темницата на тунелите и не соучествуваа во тој настан. Во тој миг се почувствував сосема сам. Серијата "Јас во Берлин" ја отворам по разни галерии и простори, сегмент по сегмент.

**Што се случува со другите македонски уметници во Берлин?**




● Градејќи круг пријатели, не само во професијата со којашто се занимавам, туку и од другите уметнички институции и програми, иницирав неколку настани кои промовираа индивидуални македонски квалитети. Минатата година како затворање на мојата изложба организирав поетско читање на поезијата на **Лилјана Дирјан**, која резултираше со издавање на "Тешка свила" на германски јазик. Преводот на оваа книга на германски е прекрасен. Во книгата се наоѓа песна "Свети Ѓорѓи ја убива ламјата" и како некоја коинциденција тоа беше доволно за во книгата да се вметнат шест мои илустрации на таа тема. Потоа организирав поетска вечер на **Јордан Данаиловски,** која со многу реагирања сјајно помина во Берлин. Ми беше доставена мапата со 12 графички позиции, која веќе беше доставена во Дрезден и во Нинберг. Со колегите **Славчо Соколовски** од Скопје и **Ицо Теодосиевски,** кој живее во Ахејм, направивме две паралелни изложби, "Аспекти" и "12 графички позиции". Од сето ова чувствувам дека во Берлин има неверојатен интерес за македонската уметност, дека токму во моментов таа е во тренд. Но, морам да признаам дека не постои организиран начин на презентирање на Македонија, бидејќи Берлин е многу важен град. Си давам за право да кажам дека е време за формирање на Македонски културен центар во Берлин, затоа што Македонија е земја на индивидуални квалитети. Во овој случај, она што можам јас да го понудам е моето комплетно време и моите пријатели, врски и контакти, како и мојата голема желба.

**Што друго се случува во Берлин?**

● Многу работи. Мислам дека во Берлин е проблем да се добие публика, бидејќи секојдневно имаш по стотина настани: отворање изложби, поетски настани, со имиња од најголемите до најмалите, претставници на сите правци, редовни настапи на групи и на дицеи, како гард на техното, преку "love parade". Значи, има толку многу настани што е тешко да се дојде до публика. Главната борба на институциите е борбата за публика и шетајќи низ градот ќе забележиш дека на сите места каде што е дозволно рекламирање, се води војна. Тоа е она што стимулира и резултира со квалитет. Како што поминува времето, градот сè повеќе ме исполнува. Во моментов главен стимул е откривањето простори за изложби. Бев фасциниран од последната изложба на **Бернард Гардет,** со кого изложувам во Скопје. Тој направи инсталација во институтот *Шарите*, во Музејот на **Кох**. Тоа е всушност амфитеатарот, зачуван онаков како што бил кога Кох ја добил Нобеловата награда. Бернард направи инсталација врз дрвените коцки на ѕидовите од таа продуховена просторија, со вкрстени зборови од три букви (како на изложбата "muzliple choice" во Скопје) направени во фосфорна пластика. Отпрвин никој не ги препозна буквите на дрвото, затоа што тие изгледаа како тонирани знаци. Кога заврши официјалното отворање од куратороt, се изгасна светлото и буквите блеснаа во просторот. Таква форма на конкуренција, значи, не постои, туку постои само стимуланс. Берлин е град во кој се концентрираат автори од поранешниот Советски Сојуз и од другите источноевропски држави.

**Дали ова што го работиш се должи на фактот дека живееш во Берлин или на фактот дека не живееш овде?**

● Ха, ха, ха... Види, додека ти раскажував за мојот живот во Берлин, сигурно забележа дека јас сум среќен во Берлин. Јас успеав да изградам простор во тој град и тој почна да се реализира. Скопје е средина во којашто се живее поинаку, затоа што тука не постојат цитати од различни времиња. Тука се случи тој земјотрес, кој урна многу работи, а потоа се роди навиката кога се гради ново, тоа да значи рушење на старото. За мене беше фасцинантно откривањето на градот, не преку книгите за историјата или за луѓето, туку преку архитектурата и орнаментиката. Таму луѓето не се срамат од минатото и од местата каде што некој кренал рака, на пример.

Единствено на што е реагирано е тоа што се избришани местата каде што биле нацистичките крстови, а сè друго стои. Шетајќи низ градот, доживуваш времеплов.

*Александар* **ТЕМКОВ**